Пишување на проектни апликации, подготовка на стратегија за генерирање на фондови, како и запознавање со расположливите фондови за граѓанските организации се темите на двете последни обуки организирани од Граѓанскиот ресурсен центар.



Седумнаесет претставници на граѓански организации активно учествуваа на дводневната **обука „Пишување на проектни апликации – од проектна идеја до успешна проектна апликација“** одржана на 12 и 13 ноември 2019 година во просториите на Ресурсниот центар во Штип. Учесниците ја оценија обуката како многу корисна и квалитетно спроведена и побараа вакви практични обуки почесто да се организираа и да бидат подолги. Како **нај корисни теми од обуката тие ги издвоија подготвувањето на логичка рамка; дефинирањето проблеми, цели, индикатори; како и подготвувањето на буџет**
.

Обучувачката Сунчица Саздовска стави **фокус на анализирањето на повици за грант**, **користејќи конкретен повик**
за граѓанските организации и ги поттикна организациите да размислуваат како аналитички да пристапуваат на повиците. Учесниците направија проценка дали и во колкава мера повикот е релевантен за нивната организација, ги разбраа критериумите

за оценка, утврдија на што треба да посветат особено внимание при пишувањето на апликацијата, а исто така технички ја уредија и подготвија истата. Најголем дел од учесниците изјавија дека **стекнатото знаење од обуката ќе го применат веднаш за подготвување на проектна апликација на првиот следен отворен повик**.




**Обуката за генерирање фондови** се одржа во периодот од 20 до 21 ноември 2019 година во Скопје и послужи 17 претставници на граѓански организации да се запознаат со концептот на одржливост, со низа форми на финансирање на граѓанските организации и неколку методи за мобилизација на фондови.

„Одржливоста на граѓанските организации директно зависи од политиките и програмите на меѓународните развојни агенции и донаторите", рече обучувачката Лилјана Алчева. Таа истакна дека кај нас граѓанските организации имаат ограничени можности за обезбедување фондови и поради тоа се соочуваат со слаба одржливост. Тие се фокусираат на фондовите на меѓународните развојни агенции и делумно на домашните фондови за грантови, занемарувајќи ги другите форми на обезбедување ресурси. **Таа им препорача на организациите да се стремат кон различни извори на ресурси,** иако тоа бара дополнителни напори за персоналот заради нерамномерно распоредување на работата, со „пикови" на зголемен обем работа во одредени периоди.

Учесниците имаа можност да направат **практично мапирање на потенцијалните донатори** во областите на делување на нивните организации како и **да ги утврдат стратешките цели и индикатори за успех** поврзани со генерирањето фондови.